Бр. 12-686/4
18.03 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петтата седница одржана на ден 15 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-686/1 од 21.02.2019 година.

Предметот со број 12-686/1 од 21.02.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-686/1 од 21.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице, вработен во Подрачна единица на еден од органите на државната управа во Република Северна Македонија.

Со пријавата се изразува незадоволство од неможноста на подносителот – административен службеник, за негово унапредување во повисоко звање во ПЕ на органот на управа каде што е вработен, како и незадоволство од одлука за избор на кандидат за вработување во постапка за вработување по објавен јавен оглас за вработување во истата ПЕ, а на кој со своја пријава учествувал и подносителот на пријавата.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот за тоа дека во повеќе наврати од органот на државната управа каде што работи поднесувал барање за унапредување, како и дека бил пријавен на еден од јавните огласи за вработување објавен од неговиот работодавач при што тој не бил избран за вработување на работното место на кое се пријавил, меѓутоа за Државната комисија истите се неосновани од аспект на сомневања за корупција и злоупотреби, дотолку повеќе што, планирањето на вработувањата, односно и на унапредувањата се планираат од страна на институцијата работодавач, а се одобруваат од органот надлежен за буџет, како и од Министерството за информатичко општество и администрација.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk